ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел: ++389 (0) 31 375 035 / факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр. 175 1330 Крива Паланка
www.krivapalanka.gov.mk

КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-2527/1
21.08 201 8 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Ве известуваме дека од **24 до 28-ми Август 2018 г.** на Градскиот плоштад во Крива Паланка, во рамките на манифестацијата **„КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2018“** општина Крива Паланка ќе организира повеќе музичко-сценски и концертни активности и тоа: **Фолклорен Фестивал „Св. Јоаким Осоговски“** (24,25 и 26.08 2018), **Музички Фестивал „ЏОЈ ФЕСТ 2018“** (25.08 2018), **концерт на Јелена Томашевиќ** (27.08 2018) **и Литија на Св. Јоаким Осоговски** (28.08 2018)

**ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СОБИРИ (НАСТАНИ) ОД 23 – ТИ ДО 28 - МИ АВГУСТ ЌЕ БИДЕ ЗАБРАНЕТО ПАРКИРАЊЕТО НА АВТОМОБИЛИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДДРАЧЈЕ НА УЛ. СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ НА ПОТЕГОТ ОД СОЛАРСКИ МОСТ ДО ГРАДСКИОТ МУЗЕЈ НА ДВАТА КРАКА КАКО И НА СИТЕ ПОВРШИНИ ОКОЛУ ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО ПАРКИНГОТ ПРЕД Х.ТУРИСТ И МАКЕДОНСКИ ПОШТИ).**

**КРАКОТ НА УЛ. СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ НА ПОТЕГОТ ОД СОЛАРСКИ МОСТ ДО ГРАДСКИ МУЗЕЈ ЌЕ БИДЕ ИСЧИСТЕН ОД ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА И НА ОВАА СООБРАЌАЈНИЦА ЌЕ БИДЕ ВОСПОСТАВЕН СООБРАЌАЈ ВО ДВА ПРАВЦИ.**

**СЕ УКАЖУВА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ НА УЛ. СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ (долен и горен крак) ДА ГИ ПРЕПАРКИРААТ СВОИТЕ ВОЗИЛА НА ДРУГИТЕ СЛОБОДНИ ПОВРШИНИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ПАРКИНГ ВО ДЕЛОТ НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР ИЛИ АВТОБУСКАТА СТАНИЦА.**

**На 24 Август (петок) 2018 г.** во **период од 18.00ч до 19.00ч** ќе биде забранет сообраќајот во двата правци на потегот од Осичка маала до Градски Музеј заради **свечено дефиле** на учесниците на Фолклорниот Фестивал, додека во **период од 19.00ч до 22.00ч** ќе биде забранет сообраќајот на потегот од Соларски мост низ Градскиот плоштад до Градски Музеј заради **одржување на Фолклорен Фестивал СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ – прва вечер.**

**На 25 Август (сабота) 2018 г.** во **период од 17.00ч до 18.00ч** ќе биде забранет сообраќајот во двата правци на потегот од Бавчал'к до Градски Музеј заради **свечено дефиле** на учесниците на Фолклорниот Фестивал, додека во **период од 18.00ч до 24.00ч** ќе биде забранет сообраќајот на потегот од Соларски мост низ Градскиот плоштад до Градски Музеј заради одржување на **Фолклорен Фестивал СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ – втора вечер и Музички Фестивал ЏОЈ ФЕСТ.**

**На 26 Август (недела) 2018 г.** во **период од 18.00ч до 19.00ч** ќе биде забранет сообраќајот во двата правци на потегот од Житни магацин до Градски Музеј заради **свечено дефиле** на учесниците на Фолклорниот Фестивал, додека во **период од 19.00ч до 22.00ч** ќе биде забранет сообраќајот на потегот од Соларски мост низ Градскиот поштад до Градски Музеј заради одржување на **Фолклорен Фестивал СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ – трета вечер.**

**На 27 Август (понеделник) 2018 г.** во **период од 19.00ч – 24.00ч** ќе биде забранет сообраќајот на потегот од Соларски мост низ Градскиот плоштад до Градски Музеј заради одржување на **Концерт на ЈЕЛЕНА ТОМАШЕВИЌ.**

**На 28 Август (вторник) 2018 г.** во **период од 09.00ч – 10.00ч** ќе биде забранет сообраќајот во двата правци на ул. Св. Јоаким Осоговски на потегот од Црква Св. Димитриј до Општина Крива Паланка заради одржување на црковна свеченост **ЛИТИЈА НА СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ.**

**СЕ МОЛАТ ГРАЃАНИТЕ ЗА РАЗБИРАЊЕ.**

Општина Крива Паланка
**Градоначалник**
Борјанчо Мицевски